РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 01-70/2
31.01. 2018 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14,199/14 и 27/16) а во врска со членот 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18) Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/1 од 19.08.2016 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-283/1 од 29.09.2016, и тоа:

Во Глава II во членовите 7,8 и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа – познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија ( англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2(В2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ,БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ,ТЕФ или ГЕТЕ сертификат, Тест ДаФ
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1(В1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3,5 - 4,5 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 450 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ,ТЕФ или ГЕТЕ сертификат
- За сите нивоа на категоријата В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на

здружението ALTE на европски тестатори на А2(А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТС со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ,ТЕФ или ГЕТЕ сертификат

- За сите нивоа на категоријата Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ,ТЕФ или ГЕТЕ сертификат.

Член 2

Во Глава II во членовите 7,8 и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија ( англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување ( кај сите нивоа од категорија – Б)

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

в.д Директор

Стојан Славески